Врз основа на член 46 став 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013 и 69/2013), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ________ 2013 година донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКА ЗА ЗАШТИТА НА ПАЗАРОТ НА ПЧЕНИЦА ИБРАШНО, СО ВРЗУВАЊЕ НА КОЛИЧИНИТЕ НА УВОЗ НА ПЧЕНИЦА ИБРАШНО СО ОТКУП НА ПЧЕНИЦА ПРОИЗВЕДЕНА ВО РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со оваа одлука се воведува посебна мерка за заштита на пазарот на меркантилна пченица и брашно од пченица, со врзување на дозволените количини на увоз на брашно на меркантилна пченица и брашно од пченица, со откуп на количини меркантилна пченица произведени во Република Македонија, а заради надминување на опасноста од сериозни нарушувања на пазарот и загрозување на целите на националната земјоделска политика.

## Член 2

Увозот на меркантилна пченица се поврзува со извршен откуп на пченица од род 2013 година од домашното производство, со право на увоз на 1 килограм на 3 килограми извршен откуп.

Увозот на брашно од пченица се поврзува со извршен откуп на пченица од род 2013 година од домашното производство, со право на увоз на 1 килограм брашно на 4 килограми извршен откуп на пченица.

## Член 3

Одребата од член 2 став 1 на оваа одлука ќе се применува до 31 декември 2013 година, а одредбата од член 2 став 2 на оваа одлука ќе се применува до 31 декември 2013 година.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.